**"Сите во библиотека"**

Објавено од м-р Гордана Ѓорѓиевска - Неделковски
Четврток, 07 Октомври 2021 09:00 -

НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски "- Битола на сите студенти од прва година им го честита стартот на нивните студии и им посакува успех во студирањето. Ви нудиме едногодишно бесплатно членство во нашата Библиотека. Сè што треба да направат студентите е да дојдат во нашата Библиотеката со индекс или легитимација како потврда дека се запишани во прва година студии на било кој факултет и да се зачленат во Библиотеката.

Нашата библиотека Ви нуди најсовремени услови за учење, пребарување во базата на податоци COBISS и други бази за научни истражувања, богат избор на стручна литература, бесплатно Wi-Fi, климатизирани читални.

Правото на бесплатно запишување во Библиотеката, студентите може да го искористат најдоцна до 1.11.2021 година.